**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИЗВЕШТАЈ

**за напредокот на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2021-2027 во 2025 година**

**(Во согласност со член 32 и Анекс 8 од Секторската спогодба)**

**Декември 2025 година**

# Содржина

**I. ВОВЕД** .......... 3

**II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ** .......... 3

1. Организирање на ИПАРД информативни и едукативни денови преку промовирање успешни примери во врска со објава на Јавни повици .......... 3
2. Доставување на директни информации .......... 4
3. Појавување во национални и локални медиуми .......... 5
4. Објавување листа на крајни корисници на Програмата 2021-2027 .......... 5
5. Подготовка и дистрибуција на формулари за аплицирање, упатства, брошури и постери посветени на Програмата ИПАРД 2021-2027 .......... 6
6. Продукција и објавување на аудио и видео спотови .......... 6
7. Ажурирање на веб-страницата (www.ipard.gov.mk) .......... 6

# I. ВОВЕД

Активностите поврзани со публицитетот на ИПАРД Програмата 2021-2027 се предвидени во Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата за 2025 година. Специфичните цели на планот за публицитет се: доставување квалитетни информации до целните групи со цел да се промовираат можностите што ги нуди помошта на Европската Унија и нашата земја, да се промовираат резултатите од спроведувањето на ИПАРД Програмата, да се зголеми бројот на квалитетни апликации и да се подигне свеста кај пошироката јавност за придонесот на Европската Унија.

Долунаведените активности се спроведуваат во согласност со Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата за 2025 година.

Планираните активности конкретно се однесуваат на:

- Организирање на ИПАРД информативно едукативни денови преку промоција на успешни примери;
- ИПАРД форуми за поуспешно спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027;
- ИПАРД работилници за подготовка на ИПАРД обрасци за аплицирање, објавување на јавни повици;
- Настапи/интервјуа во електронски медиуми и весници;
- Објавување на списокот на крајни корисници на средства од ИПАРД програмата;
- Креирање и дистрибуција на обрасци за аплицирање и упатства посветени на ИПАРД Програмата 2021-2027;
- Подготовка и дистрибуција на брошури посветени на публицитетот на ИПАРД Програмата 2021-2027;
- Објавување на аудио и видео клипови;
- Ажурирање на веб-страницата: www.ipard.gov.mk

Институциите одговорни за спроведување на горенаведените активности во согласност со нивните надлежности и функции се Тело за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

# II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1. Организирање на ИПАРД информативни и едукативни денови преку промовирање успешни примери во врска со објава на Јавни повици

Организацијата на информативните денови за ИПАРД Програмата се одржа во периодот пред и за време на објавениот Јавен повик за Мерка 1. Во периодот од 20 февруари до 14 март 2025 година, институциите одговорни за спроведување на активностите за публицитет, организираа и реализираа 29 информативни денови поврзани со Јавниот повик 01/2025 за Мерка 1 од Програмата ИПАРД 2021-2027.

Јавниот повик 01/2025 за Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ од Програмата ИПАРД 2021-2027 (ИПАРД 3), беше објавен на 12 февруари 2025 година, со рок за аплицирање до 29 март 2025 година.

Со цел навремено информирање на сите заинтересирани корисници кои планираа да аплицираат на повикот, беше реализирана кампања „ИПАРД Инфо денови“. Тимовите посетија 29 локации на кои присуствуваа заинтересирани корисници (физички лица, правни лица, задруги, здружени правни лица итн.), пред кои беа презентирани деталите за Мерка 1 и условите и барањата од јавниот повик. Извештајот за реализиранаата кампања беше објавен на веб страната www.ipard.gov.mk и е достапен на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2025/03/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%BE%D0%B4-%D0%98%D0%BD%D1%84%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%BC%D0%BF%D0%B0%D1%9A%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D1%80%D0%BA%D0%B0-1_%D0%BC%D0%B0%D1%80%D1%82-2025.pdf

На 10 октомври, 2025 година, беше објавена претходна најава за Јавниот повик 02/2025 за Мерка 3, а на 15 октомври беше објавена претходна најава за Јавниот повик 03/2025 за Мерка 7.

## 2. Доставување на директни информации

Согласно член 12 став 3 од Договорот склучен помеѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД за спроведување на ИПАРД Програмата, Агенцијата доставува месечни извештаи за нејзините промотивни активности. Доставувањето информации, преку телефон и е-пошта, до потенцијалните корисници се врши континуирано, односно во телефонскиот центар на Агенцијата. Информациите за публицитет ги обезбедува Телото за управување со ИПАРД преку е-пошта, телефон и во просториите на Телото за управување со ИПАРД. Во текот на 2025 година, примени се повеќе од 250 телефонски повици и поставени се повеќе од 70 прашања.

Прашањата што беа поставени на веб-страницата на Агенцијата се однесуваа на последниот Јавен повик 01/2025 за Мерка 1 од Програмата ИПАРД 2021-2027. Најчесто поставуваните прашања беа поврзани со приоритетните сектори, каде да се најде комплетот од документи за аплицирање, кој има право да аплицира и кои инвестиции се прифатливи. Генерално, потенцијалните корисници имаа најмногу прашања во врска со рестриктивното исклучување на секторот градинарство од овој повик за Мерка 1, проблемите со нелегалните сточарски фарми, како и добивањето градежни дозволи за планираните инвестиции.

Прашањата и одговорите поставени од заинтересираните страни, по електронска пошта и на организираните настани, објавени се на веб-страниците на Телото за управување и ИПАРД Агенцијата (АФПЗРР).

Повеќе информации може да се најдат во делот за често поставувани прашања и одговори во врска со ИПАРД 2021-2027 на линкот: http://ipard.gov.mk/mk/cpp/

## 3. Појавување во национални и локални медиуми

Во овој период, имаше бројни појавувања, соопштенија и интервјуа на национални и локални радио и телевизиски канали, како и дневни весници и интернет портали (повеќе од 500 соопштенија).

Поголемиот дел од најавите се однесуваат на Јавниот повик 01/2025 за Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“. Во врска со соопштенијата и интервјуата, службено лице од ИПАРД Агенцијата имаше неколку интервјуа. Локалните телевизии и националната телевизија МРТВ беа присутни на неколку локации за време на информативната кампања. Изјави за медиумите даде раководителот на Одделението за мониторинг, Тело за управување со ИПАРД, Виктор Младеновски.

Некои од соопштенијата за медиумите може да се видат на следните линкови:
https://zelenaberza.com.mk/prochitaj-lista-na-potrebni-dokumenti-za-ipard-iii-javen-povik-br-01-2025/
https://netpress.com.mk/pochnuva-kampa-ata-za-informira-e-na-gra-anite-za-avniot-povik-od-ipard-programata-2021-2027-za-merkata-1/
https://makfax.com.mk/ekonomija/
https://www.bankometar.mk/ekonomi-azapochnuva-kampa-ata-za-informira-e-na-gra-anite-za-javniot-povik-od-ipard-programata-2021-2027-za-merkata-1/
https://www.brif.mk/ushte-17-dena- za-apliciranje-na-ipard-javen-povik-01-2025-za-merka-1/
https://kanal5.com.mk/mzshv-uspeshno-gi-zavrshuvame-infodenovite-ipard-karavanot-beshe-na-29-lokacii-niz-makedonija/a689430

Соопштенија и информации за ИПАРД Програмата континуирано беа објавувани во медиумите. Редовно се подготвувани месечни информации од Press Clipping, достапни на следниот линк: https://ipard.gov.mk/en/category/press-clipping/

## 4. Објавување листа на крајни корисници на Програмата 2021-2027

Според Акцискиот план за комуникација и публицитет за 2025 година, активноста за објавување на крајните корисници на средства од ИПАРД Програмата 2021-2027 ја спроведува АФПЗРР, како одговорен орган за реализација на оваа активност.

Списокот на потпишани договори и крајни корисници на ИПАРД III Програмата, за периодот до крајот на третиот квартал од 2025 година, се објавува квартално на веб-страницата на Агенцијата на следниот линк:
https://www.ipardpa.gov.mk/mk/Home/SkluceniDogovori/2

Објавените листи на извршени плаќања во вториот и третиот квартал од 2025 година се: (со кликнување на ексел документот, се отвора листата на исплатени средства) https://www.ipardpa.gov.mk/mk/Home/IsplatiIpard3

## 5. Подготовка и дистрибуција на формулари за аплицирање, упатства, брошури и постери посветени на Програмата ИПАРД 2021-2027

Јавната набавка за 2025 година не беше спроведена. Материјалите, останати од претходната јавна кампања, кои не беа изменети, беа искористени за информирање на сите заинтересирани корисници, за Јавниот повик 01/2025 за Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства". Конечната верзија на Упатствата и Барањето за користење на средствата се објавени на веб-страницата на Телото за управување со ИПАРД и Платежната Агенцијата: www.ipard.gov.mk и www.ipardpa.gov.mk

## 6. Продукција и објавување на аудио и видео спотови

Јавната набавка за 2025 година не беше спроведена. Претходните видеа за сите мерки може да се видат на веб-страницата на Телото за управување со ИПАРД на македонски јазик и со англиски превод:
http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/

## 7. Ажурирање на веб-страницата (www.ipard.gov.mk)

Веб-страницата www.ipard.gov.mk редовно и континуирано се ажурираше со информации и новости во врска со Јавниот повик 01/2025, информативните денови, верзиите на Програмата ИПАРД III, брошури, упатства и дополнителни корисни информации.

За време на јавниот повик 01/2025, на веб-страницата континуирано беа објавувани најави и соопштенија за информативно-едукативните денови. Новите упатства во врска со Мерка 1 беа објавени на веб-страницата на следниот линк:
https://ipard.gov.mk/mk/category/soopstenija/javni-povici-od-ipard-2021-2027/
Соопштенијата за информативните денови се достапни на веб-страницата на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/mk/category/edukativna-kampanja/info-denovi/

Во текот на 2025 година, според статистиката на веб-страницата, се евидентирани следните податоци:

- Корисници на веб-страницата 24.257
- Нови корисници 23.013,
- Вкупно прегледи на страницата 100.242

Веб-страницата ја посетуваат многу заинтересирани страни од различни земји, од нашата земја, од земјите во регионот и пошироко.

Веб-страницата редовно се ажурира со информации, најави и новости поврзани со активностите за спроведување на ИПАРД Програмата 2021-2027. Телото за управување со ИПАРД објави 20 соопштенија за медиумите со информации за кампањата „ИПАРД Инфо денови". Јавноста ја следеше кампањата со интерес, што е потврдено со бројот на споделени информации од прес клипингот. Во текот на 2025 година, во медиумите беа објавени над 500 вести на тема ИПАРД повици, кампањи и успешни приказни, како и политичка содржина.